Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë Së Veriut
Јавно претпријатие за јавни паркиралишта
Ndërmarrja publike për parkingje publike
ГРАДСКИ ПАРКИНГ - PARKINGU I QYTETIT
Бр.Nr. 02-232/4
10 05 2024 год.-viti
СКОПЈЕ-SHKUP

Ј.П. ГРАДСКИ ПАРКИНГ
СКОПЈЕ
N.P. Parkingu i Qyetit - Shkup

# ТРИМЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ СО ПОКАЗАТЕЛИ ЗА ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ ЗА ПЕРИОД ОД 01.01.2024-31.03.2024 ГОДИНА

# ВОВЕД

Во првиот квартал од годината, ЈП Градски Паркинг- Скопје оствари позитивен финансиски резултат – добивка на износ 12.712.150,00 денари.

Приходите заклучно 31.03.2024 година изнесуваат 79.693.079,00 денари.

Расходите се на износ 66.980.929,00 денари.

Составен дел на овој Извештај е Биланс на успех и Биланс на состојба.

# БИЛАНС НА УСПЕХ

## ЗА ПЕРИОД ОД 01 ЈАНУАРИ ДО 31 МАРТ 2024 ГОДИНА

| **ПРИХОДИ – кл. 7** | **2024 година** | **2023 година** |
|---|---|---|
| | | |
| **ПРИХОДИ ОД СЕКТОР ЈАВНИ ПАРКИРАЛИШТА** | 72.025.292,00 | 59.075.309,00 |
| | | |
| **ПРИХОДИ ОД СЕКТОР ПАЈАК** | 7.105.085,00 | 7.621.189,00 |
| | | |
| **ОСТАНАТИ ПРИХОДИ** | 561.733,00 | 691.163,00 |
| | | |
| **ФИНАНСИСКИ ПРИХОДИ** | 969,00 | 1.215,00 |
| **ВКУПНО ПРИХОДИ** | **79.693.079,00** | **67.388.876,00** |

| **РАСХОДИ – кл.4** | **2024 година** | **2023 година** |
|---|---|---|
| | | |
| **ТРОШОЦИ НА СУРОВИНИ И МАТЕРИЈАЛИ** | 4.814.445,00 | 3.650.033,00 |
| | | |
| **ТРОШОЦИ ЗА УСЛУГИ** | 12.294.740,00 | 12.113.765,00 |
| **ПЛАТА, НАДОМЕСТОЦИ ОД ПЛАТА И** | | |
| **ДРУГИ ТРОШОЦИ НА ВРАБОТЕНИ** | 44.735.731,00 | 36.568.390,00 |
| | | |
| **ТРОШОЦИ ЗА АМОРТИЗАЦИЈА** | 2.690.083,00 | 3.434.694,00 |
| | | |
| **ОСТАНАТИ ОПЕРАТИВНИ РАСХОДИ** | 2.414.167,00 | 1.857.280,00 |
| | | |
| **ОСТАНАТИ РАСХОДИ** | 18.362,00 | 31.122,00 |
| | | |
| **ФИНАНСИСКИ РАСХОДИ** | 13.401,00 | 2.006,00 |
| **ВКУПНО РАСХОДИ:** | **66.980.929,00** | **57.657.290,00** |

## *ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ*

| ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ | 2024 ГОДИНА | 2023 ГОДИНА |
|---|---|---|
| | | |
| Вкупно приходи | 79.693.079,00 | 67.388.876,00 |
| Вкупно расходи | 66.980.929,00 | 57.657.290,00 |
| Добивка | 12.712.150,00 | 9.731.586,00 |

# *ПРИХОДИ*

Приходите за период 01.01- 31.03.2024 година изнесуваат 79.693.079,00 денари односно, како што следи:

- Сектор Јавни паркиралишта 72.025.292,00 ден.
- Сектор Пајак 7.105.085,00 ден.
- Останати приходи 561.733,00 ден.
- Финансиски приходи 969,00 ден.

## *ПРИХОДИ ОД СЕКТОР ЈАВНИ ПАРКИРАЛИШТА*

Во рамки на Сектор Јавни паркиралишта реализирани се следните приходи:

| ПРИХОДИ ОД СЕКТОР ЈАВНИ ПАРКИРАЛИШТА | 2024 година | 2023 година | разлика | индекс |
|---|---|---|---|---|
| 1. затворени паркинзи | 26.169.161,00 | 22.859.583,00 | 3.309.578,00 | 1,14 |
| 2.зонско паркирање | 36.182.368,00 | 28.308.967,00 | 7.873.401,00 | 1,28 |
| 3.катна гаража-Беко | 6.196.125,00 | 5.652.667,00 | 543.458,00 | 1,10 |
| 4.катна гаража-26-ти Јули | 3.477.638,00 | 2.254.092,00 | 1.223.546,00 | 1,54 |
| Вкупно приходи: | **72.025.292,00** | **59.075.309,00** | **12.949.983,00** | **1,22** |

Во споредба со минатата година, вкупните приходи кај Сектор Јавни паркиралишта се зголемени севкупно за 12.949.983,00 денари .

Кај затворените паркинзи приходите се зголемени за 3.309.578,00 денари.

Кај зонското паркирање бележиме зголемување на приходите за 7.873.401,00 денари. Најзначителен пораст на приходите во рамките на зонското паркирање бележиме кај наплата на паркирање по пат на испраќање смспораки.Пораст бележиме и кај претплатите за зонско паркирање но и кај останатите начини на наплата на паркинг услугата:доплатни карти, продажба на греб картички и наплата со QR-код.

Во спредба со истиот период од минатата година катната гаража „Беко" има зголемување на приходите за 543.458,00 денари додека пак катната гаража „26-ти Јули" бележи зголемување на приходите за 1.223.546,00 денари.

## *ПРИХОДИ ОД СЕКТОР ПАЈАК*

| ПРИХОДИ ОД СЕКТОР ПАЈАК | 2024 година | 2023 година | разлика | индекс |
|---|---|---|---|---|
| 1. дневен промет | 7.104.237,00 | 7.618.647,00 | -514.410,00 | 0,93 |
| 2.фактурирана услуга | 848,00 | 2.542,00 | -1.694,00 | 0,33 |
| Вкупно приходи : | 7.105.085,00 | 7.621.189,00 | -516.104,00 | 0,93 |

Вкупно остварен нето приход во Сектор Пајак изнесува 7.105.085,00 денари и е помал во споредба со минатата година за 514.410,00 денари. Во првиот квартал од годината наплатени се 4.024 возила односно 83 возила помалку во спордба со истиот период од минатата година кога се наплатени 4.107 возила.

Работата на сектор пајак во најголем дел е условена од соработката со МВР од причина што возилата се подигаат по налог на полиција.

## *ОСТАНАТИ ПРИХОДИ*

| ОСТАНАТИ ПРИХОДИ | 2024 година | 2023 година | разлика | индекс |
|---|---|---|---|---|
| од отпишани побарувања и обврски | 21.430,00 | 12.022,00 | 9.408,00 | 1,78 |
| од субвенции дадени во опрема | 367.902,00 | 367.902,00 | 0,00 | 1,00 |
| од наплатени судски трошоци | 29.650,00 | 10.560,00 | 19.090,00 | 2,81 |
| од наплата на штети | 93.079,00 | 72.867,00 | 20.212,00 | 1,28 |
| од др.надомест,вонред.приходи,мин.години | 49.672,00 | 227.812,00 | -178.140,00 | 0,22 |
| Вкупно приходи : | 561.733,00 | 691.163,00 | -129.430,00 | 0,81 |

Во првиот првиот квартал од годината остварени се останати приходи на износ 561.733,00 денари.

Истите произлегуваат од наплата на отпишани побарувања и обврски 21.430,00 денари; приходи од субвенции и донации дадени во опрема 367.902,00 денари евидентирани во согласност со МСС стандарди; приходи од судски трошоци 29.650,00 денари приходи од наплата на штети 93.079,00 денари како и други приходи на износ 49.672,00 денари .

Со исклучок на приходите од субвенции дадени во опрема кои се на ист износ како и минатата година во сите други категории на останати приходи бележиме зголемување.

Намалувањето всушност произлегува оттаму што минатата година бележиме поврат на ДДВ на износ од 197.188,00 денари како резултат на дадена донација од јавен интерес.

### *ФИНАНСИСКИ ПРИХОДИ*

Во оваа група спаѓаат приходи по основ камата, позитивни курсни ралики и слично. Заклучно месец март бележиме приходи на износ 969,00 денари.

## *РАСХОДИ*

Расходите заклучно 31.03.2024 година се на износ 66.980.929,00 денари.

### *ТРОШОЦИ ЗА СУРОВИНИ И МАТЕРИЈАЛИ*

| опис | 2024 година | 2023 година | разлика | Индекс |
|---|---|---|---|---|
| **Потрошни помош.материјали и с-ва за чистење** | 73.370,00 | 160.102,00 | -86.732,00 | 0,46 |
| **Канц.матер.,фискал.бар код ролни, чип и греб картички** | 827.350,00 | 624.737,00 | 202.613,00 | 1,32 |
| **ел.енергија,парно** | 1.364.983,00 | 857.301,00 | 507.682,00 | 1,59 |
| **гориво и масло за подмачкување** | 992.369,00 | 1.025.858,00 | -33.489,00 | 0,97 |
| **Отпис на сит.инвент.авто гуми во употреба и ХТЗ опрема** | 1.556.373,00 | 982.035,00 | 574.338,00 | 1,58 |
| **вкупно:** | **4.814.445,00** | **3.650.033,00** | **1.164.412,00** | **1,32** |

Материјалните трошоци во првиот квартал од годината изнесуваат 4.814.445,00 денари. Оваа група на трошоци, споредена со минатата година, е поголема за 1.164.412,00 денари. Во оваа група трошоци спаѓаат: потрошни- помошни материјали и средства за чистење 73.370,00 денари, канцелариски материјали, фискални ролни и бар код хатртија, чип и греб картички 827.350,00 денари, електрична енергија и парно 1.364.983,00 денари, гориво 992.369,00 денари како и трошокот за инвентар, автогуми и ХТЗ опрема 1.556.373,00 денари.

Од прегледот може да се забележи дека кај одделни трошоци имаме намалување – трошокот за потрошни материјали и средства за чистење и трошокот за гориво, додека кај други трошоци бележиме пораст. Трошокот за електрична енергија од истиот период од минатата година е помал заради тоа што не е вкалкулиран трошокот за месец јануари и февруари (961.661,00 денари) од причина што фактурите беа вратени односно рекламирани заради неусогласеност со договорот и за истите во тек е судски спор.

Трошоците кои бележат пораст се резултат на зголемен обем на работа. Во овој квартал од годината бележиме набавка на ХТЗ опрема заради што трошокот во оваа година е поголем од минатата година.

## *ТРОШОЦИ ЗА УСЛУГИ*

| опис | 2024 година | 2023 година | разлика | Индекс |
|---|---|---|---|---|
| **Поштенски,телефонаки услуги и интернет** | 543.313,00 | 510.701,00 | 32.612,00 | 1,06 |
| **Услуги за тековно одржување** | 2.000.667,00 | 2.079.950,00 | -79.283,00 | 0,96 |
| **Услуги за одрж.нематеријални средства** | 136.072,00 | 87.840,00 | 48.232,00 | 1,55 |
| **Услуги за изработка на инфо табли** | 636.006,00 | 25.842,00 | 610.164,00 | 24,61 |
| **Услуги за град.работи, бележење** | 601.767,00 | 66.027,00 | 535.740,00 | 9,11 |
| **Тршоци за наем,вложување во туѓ имот** | 767.637,00 | 818.840,00 | -51.203,00 | 0,94 |
| **Комунални услуги** | 1.759.854,00 | 794.150,00 | 965.704,00 | 2,22 |
| **Останати услуги** | 397.665,00 | 158.666,00 | 238.999,00 | 2,51 |
| **Останати непроизводствени услуги** | 5.244.539,00 | 4.059.769,00 | 1.184.770,00 | 1,29 |
| **Останати услуги - времени вработувања** | 207.220,00 | 3.511.980,00 | -3.304.760,00 | 0,06 |
| **вкупно:** | **12.294.740,00** | **12.113.765,00** | **180.975,00** | **1,01** |

Во оваа група на трошоци спаѓаат: трошок за ПТТ услуги, телефон, електронски комуникации, трошоци за тековно одржување на материјални и нематеријални основни средства и ситен инвентар, градежни работи и бележење, трошоци за изработка на информативни табли, наем, комунални услуги, транспорт на пари, администрирање на системот за зонско паркирање како и трошок за времени вработувања.

Евидентирани се трошоци на износ 12.294.740,00 денари што во вкупен износ се речиси на исто ниво како и минатата година или бележиме пораст за 180.975,00 денари.

Зголемување на трошоците бележиме кај трошоците за бележење ,изработка на инфо табли, брендирање во најголем дел како резултат на проширување на зонското паркирање.

Трошокот за комунални услуги односно на услугата за собирање на смет е значително поголем како резултат на тоа што претпријатието во месец август минатата година беше задолжено од страна на ЈП Комунална хигиена –Скопје да плаќа ѓубретарина за дел од јавните површини за паркирање кај кои досега не се плаќало за овој тип на услуга.

Поголем е трошокот за одржување на системот за зонско паркирање од причина што остварен е поголем промет во овој квартал од годината споредено со минатат година.

Значително намалување бележиме кај трошокот за времени вработувања од причина што во 2024 година не се одобрени средства за ангажирање на вработени преку Агенција, оттука и намалување на трошокот за 3,3 милиони денари. Трошокот на износ 207.220,00 денари произлегува од исплатена плата за месец јануари за 3 лица кои имаа актуелен договор за овој месец како и исплата на корекција односно разлика на плата за 1 лице-наплатувач на јавни паркиралишта .

## *ПЛАТА, НАДОМЕСТОЦИ ОД ПЛАТА И ДРУГИ ТРОШОЦИ*

| опис | 2024 година | 2023 година | разлика | Индекс |
|---|---|---|---|---|
| **вкалкулирани плати** | 44.207.731,00 | 36.468.182,00 | 7.739.549,00 | 1,21 |
| **отпремнина** | 159.342,00 | 65.016,00 | 94.326,00 | 2,45 |
| **јуб.награди за 10 год.стаж** | 212.400,00 | 0,00 | 212.400,00 | - |
| **Помош на вработени** | 156.258,00 | 35.192,00 | 121.066,00 | 4,44 |
| **вкупно:** | **44.735.731,00** | **36.568.390,00** | **8.167.341,00** | **1,22** |

Трошокот за плати изнесува 44.207.731,00 ден. и е поголем во споредба со минатата година за 7.739.549,00 денари. Заклучно месец март бројот на вработени во јавното претпријатие изнесува 259 лица. Бројот на вработени во истиот период минатата година изнесувал 257 лица. Трошокот за плати варира како резултат на флуктуации на вработените по основ на користење боледувања, неплатени отсуства, отказ, пензионирање , надоместоци од плата согласно колективен договор заради што трошокот на плата соодветно се менува. Зголемувањето на трошкот за плати произлегува пред се како резултат на зголемување на платите за 10% согласно примена на Колективниот договор за јавен сектор од крајот на минатата година со примена за платите од месец септември 2023 година. Во 2024 година имавме корекцијата – усогласување на платите каде линеарно беа зголемени за 2.176,00 денари почнувајќи од платата за месец февруари. Во првиот квартал на годината исплатени се две отпремнини на износ 159.342,00 денари на вработени кои оствариле право на старосна пензија. Надоместок за јубилејна награда за 10 години непрекинат стаж во претпријатието е исплатена на 12 вработени на износ од 17.700,00 денари со вклучен данок на личен доход а во согласност со новиот колективен договор на претпријатието.

За помош на четворица вработени по основ смрт на член на семејство (брачен другар и родител) евидентиран е трошок на износ 156.258,00 денари.

## *АМОРТИЗАЦИЈА*

Трошокот за амортизација изнесува 2.690.083,00 денари.

## *ОСТАНАТИ ТРОШОЦИ НА РАБОТЕЊЕ*

| опис | 2024 година | 2023 година | разлика | Индекс |
|---|---|---|---|---|
| **др.надоместоци на вработени,обуки исл.** | 43.600,00 | 14.000,00 | 29.600,00 | 3,11 |
| **надоместоци за управен и надзорен одбор** | 466.671,00 | 466.671,00 | 0,00 | 1,00 |
| **репрезентација** | 64.148,00 | 84.404,00 | -20.256,00 | 0,76 |
| **трошоци за осигурување** | 325.932,00 | 205.254,00 | 120.678,00 | 1,59 |
| **банкарски провизии** | 203.064,00 | 164.806,00 | 38.258,00 | 1,23 |
| **трош за ДДВ** | 817.755,00 | 640.118,00 | 177.637,00 | 1,28 |
| **користење права** | 202.125,00 | 115.260,00 | 86.865,00 | 1,75 |
| **Останати трошоци на работењето** | 290.872,00 | 166.767,00 | 124.105,00 | 1,74 |
| **вкупно:** | **2.414.167,00** | **1.857.280,00** | **556.887,00** | **1,30** |

Во групата „останати трошоци на работење" евидентирани се трошоци на износ 2.414.167,00 денари. Ако се споредат со минатата година кога изнесувале 1.857.280,00 денари, се забележува зголемување за 556.887,00 денари.

Во групата спаѓаат следните трошоци: надоместоци на вработените за обуки на износ 43.600,00, надоместоци на органите на управување 466.671,00 денари, репрезентација 64.148,00 денари, осигурување 325.932,00 денари, банкарски провизии 203.064,00 денари, трошок за ДДВ 817.755,00 денари ;трошоци за користење на права односно, набавка на лиценци за работа на компјутери 202.125,00 денари како и останати трошоци на работење-група во која евидентирани се трошоци во вкупен износ од 290.872,00 денари а во која спаѓаат трошоците за правно-адвокатски-нотарски услуги,административни такси, членарини, договор на дело,трошоци за огласување и претплата на весници и стручни списанија итн.

### *ОСТАНАТИ РАСХОДИ*

Во оваа група, евидентирани се трошоци во вкупен износ од 18.362,00 денари и истите се однесуваат на трошоци за одобренија по рекламации на износ од 14.398,00 денари како и дополнително утврдени трошоци од минати години на износ 3.964,00 денари

### *ФИНАНСИСКИ РАСХОДИ*

Во рамки на финансиски расходи бележиме трошок на износ 13.401,00 денари кој отпаѓа на казнена камата за задоцнето плаќање на обврски по основ електрична енергија и ѓубретарина .

# БИЛАНС НА СОСТОЈБА

## ЗА ПЕРИОД ОД 01 ЈАНУАРИ ДО 31 МАРТ 2024 ГОДИНА

| **АКТИВА** | **2024 година** | **2023 година** |
|---|---|---|
| | | |
| **1.ОСНОВНИ СРЕДСТВА** | 40.338.733,00 | 49.444.561,00 |
| **кл.00** | | |
| | | |
| **2.ЗАЛИХИ** | | |
| **кл.3** | 3.354.118,00 | 2.942.951,00 |
| | | |
| **3. ОБРТНИ СРЕДСТВА** | 93.241.840,00 | 54.481.025,00 |
| **кл.1** | | |
| | | |
| **4.АКТИВНИ ВРЕМЕНСКИ РАЗГРАНИЧУВАЊА** | 442.029,00 | 508.903,00 |
| **кл.1 гр.19** | | |
| **ВКУПНО АКТИВА:** | **137.376.720,00** | **107.377.440,00** |

| **ПАСИВА** | **2024 година** | **2023 година** |
|---|---|---|
| **1. ЗАПИШАН КАПИТАЛ** | | |
| **Државен јавен капитал** | 153.052,00 | 153.052,00 |
| **Останат капитал** | 0 | 0,00 |
| | | |
| **2.Законски резерви** | 15.305,00 | 15.305,00 |
| | | |
| **3.АКУМУЛИРАНА ДОБИВКА од претходни години** | 37.346.313,00 | 27.983.846,00 |
| | | |
| **4.ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ – ДОБИВКА за прв квартал** | 12.712.150,00 | 9.731.586,00 |
| | | |
| **5. КРАТКОРОЧНИ ОБВРСКИ** | 78.884.804,00 | 60.209.700,00 |
| **кл.2** | | |
| **6.Одложени плаќање на приходи и расходи** | 8.265.096,00 | 9.283.951,00 |
| **ВКУПНО ПАСИВА:** | **137.376.720,00** | **107.377.440,00** |

## *ОСНОВНИ СРЕДСТВА СО СОСТОЈБА 31.03.2024 ГОДИНА*

ЈП Градски Паркинг – Скопје заклучно 31.03.2024 година располага со основни средства чија сегашна вредност изнесува 40.338.733 денари вклучувајќи ги и основните средства евидентирани во подготовка кои сеуште не се ставени во функција.
Во текот на првите три месеци месеци од годината претпријатието инвестираше - набави нови средства ,опрема на изос од 2.560.000,00 денари. Се работи за 8 наплатни куќарки за потребите на Сектор јавни паркиралишта каде системот на паркирање е организиран со електронска рампа.

## *ЗАЛИХИ*

Вредноста на залихите изнесува 3.354.118,00 денари.
Од нив, 1.951.496,00 денари претставуваат залихи на суровини и материјали односно се однесува на следните ставки: „ад блу" течност за потребите на сектор пајак, лед цевки и лед светилки за осветлување, кружни четки за потребите на машините за чистење, канцелариски материјал и обрасци, чип и греб картички, рибони, репрезентативни средства за потребите на кујната, средства за чистење.

Залиха на ситен инвентар 388.346,00 денари се состои претежно од залиха на блокатори за потребите на зонско паркирање, канцелариски мебел, батерии за моторoли, полначи за ПДА уреди, паркинг клешти, алат,радијатори,панелна греалка,сет за прва помош итн.

ХТЗ опрема Претпријатието има на залиха во вредност од 1.014.276,00 денари и истата се состои од заштитни ракавици, летни пантолони, поло маици, одела за дожд, флуоросцентни елечиња, чевли,кабаница итн.

## *ПАРИЧНИ СРЕДСТВА И ПОБАРУВАЊА*

Парични средства на трансакциските сметки со кои располага претпријатието збирно на 31.03.2024 година како и девизната сметка, благајна и виза картичка изнесува 71.169.492,00 денари.
Побарувањата од купувачите изнесуваат 20.388.814,00 денари. Нивна наплата се врши тековно во наредните пресметковни периоди.
Тужени побарувања има на износ 2.855.938,00 денари. Истите, во најголем износ проилегуваат од издадени доплатни карти заради неплатено зонско паркирање. Постапката за дел од предметите се води во судовите а дел од тужените побарувања во

текот на 2012-та и 2013-та година се процесирани директно на нотар. Постапата за нивна наплата е во тек.

Евидентирани се и побарувања по основ платени аконтации за данок на добивка на износ 864.822,00 денари како и даноци и придонеси од плата на вработени на износ од 6.574,00 денари.

Побарувањата од вработените се на износ 276.088,00 денари и во најголем дел се однесуваат на задолженија по основ ситни пари на паркинзи и паркомати , надминати телефонски лимити на службени телефони, исплатени надоместоци од плата и придонеси од плата, финансиски кусок од дневен промет .

Побарувања од кредитни- дебитни картички на износ 334.560,00 денари се всушност тековните побарувања од деловната банка по основ на дневен промет процесиран по пат на пос терминал а чија наплата се врши редовно секој нареден работен ден.

## *АКТИВНИ ВРЕМЕНСКИ РАЗГРАНИЧУВАЊА*

На сметките од група 19 евидентирани се трошоци на износ 442.029,00 денари кои ќе се реализираат во наредните периоди. Станува збор за трошоци од платени такси на нотари и извршители 439.985,00 денари, чип картички на износ 1.736,00 денари, претплата за радиофрекфенции 308,00 денари .

## *ОБВРСКИ*

Претпријатието нема долгорочни обврски.

По основ краткорочни обврски, претпријатието севкупно должи 78.884.804,00 денари. Од овој износ, 13.983,00 денари отпаѓа на обврска за извршена услуга за подигање на возила од зелена површина со комунален инспектор, 8.888.358,00 отпаѓа на обврски кон добавувачи,обврска за ДДВ за м.03 на износ 3.645.569,00 денари,обврска за надоместоци на членови на управен и надзорен одбор на износ 155.557,00 обврска за бруто плата на вработените за месец Март на износ 15.172.695,00 денари, обврски за аванси 1.220,00 денари ,обврски за данок од доход по основ на други лични примања и закуп кон физички лица на износ 8.714,00 ден. Обврски кон вработени за исплата на отпремнина 79.084,00 денари како и помош на вработен за смрт на родител 39.542,00 денари. Во групата на краткорочни обврски најголем дел отпаѓа на обврската за комунална такса кон Град Скопје која изнесува 50.880.082,00 денари. Во текот на првиот квартал од годината извршено е плаќање на дел од обврската за комунална такса од 2023 година на износ од 5.520.615,00 денари.

## *ОДЛОЖЕНИ ПРЕСМЕТАНИ ПРИХОДИ И РАСХОДИ*

Износот на оваа категорија е 8.265.096,00 денари.

По основ извршени плаќања за услуга паркирање, а кои се однесуваат за наредниот пресметковен период, бележиме износ од 3.549.396,00денари. Други одложени приходи по основ претплати имаме на износ 320.165,00 денари.

По основ субвенции и донации од основачот Град Скопје доделени во опрема и пари, наменски, за набавка на опрема, белжиме одложени приходи на износ 4..063.561,00 денари.

Износот од 331.974,00 денари се однесува на пресметани а неплатени услуги во нареден пресметковен период .Се работи за обврски за закуп за месец февруари и месец март по основ договор за стопанисување со паркингот 8-ми Септември .

# ЗАКЛУЧОК

Во првиот квартал од годината односно периодот 01.01.2024-31.03.2024 година претпријатието оствари позитивен финансиски резултат - Добивка на износ од 12.712.150,00 денари.

Работењето на претпријатието во изминатот период е успешно бидејќи забележуваме значително зголемување на оперативните приходи од дејноста паркирање. Стабилно ниво на приходи се остварува и од работата на сектор пајак со подигање на непрописно паркирани возила во соработка со МВР и комуналните инспектори на Град Скопје.

Во претпријатието навремено се подмируваат тековните обврски како што се : обврски кон добавувачите, даночните обврски, оврските кон вработените за плати и придонеси итн. Се внимава на висината на трошоците што се нужни во тековното работење со цел заштеда секаде каде процесот на работа дозволува.

Значителна обврска која го оптеретува финансиски претпријатието претставува обврскатата за комунална такса .

Во зависност од условите на стопанисување очекуваме претпријатието да ги одржи и подобри резултатите од своето работење и во периодот што следи.

*ИЗРАБОТИЛ:*
Катерина Палитова

ЈП ГРАДСКИ ПАРКИНГ- СКОПЈЕ
ДИРЕКТОР
М-р Михаил Петровски